Број 6 Година XVI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, март 2022

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“-Општина Карпош, Скопје бр.11-2004/1 од 15.03.2022 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2012/1**
**Датум: 15.03.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-2004/1
Датум: 15.03.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 126 и член 127-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
### за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош – Скопје

1. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на КРИСТИНА КОСТОВСКА вршител на должноста директор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош – Скопје, поради истек на времето за кое што е именувана, заклучно со 15.03.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Доставено до:
- **ЈУОДГ „Мајски цвет“**
- **Именуваната**
- **Сектор за дејности од јавен интерес**
- **Архива**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка ,,Мајски цвет“ – Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош, Скопје бр.11-2004/2 од 15.03.2022 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-2012/2**
**Датум: 15.03.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11 -2004/2
Датум: 15.03.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 126 и член 127-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19,146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ

**за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош, Скопје**

1. Поради истекот на мандат на вршителот на должноста директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош, Скопје, за вршител на должноста на директор од редот на вработените во Јавната установа општинска детска градинка „ Мајски цвет “ – Општина Карпош, Скопје, СЕ ИМЕНУВА лицето ТАТЈАНА БОЖИНОВСКА - МИЛАДИНОВСКА.

2. Функцијата вршител на должноста на директор ТАТЈАНА БОЖИНОВСКА - МИЛАДИНОВСКА ќе ја врши до завршувањето на постапката за избор на директор во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ – Општина Карпош, Скопје, но не подолго од шест (6) месеца од денот на нејзиното именување, почнувајќи од 16.03.2022 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Доставено до:

- **ЈУОДГ „Мајски цвет“**
- **Именуваната**
- **Сектор за дејности од јавен интерес**
- **Архива**

СОДРЖИНА

1. Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на Јавната установа општинска детска градинка „ Мајски цвет “ – Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објавување и

2. Решение за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „ Мајски цвет “ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци